Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по основи на општествените науки за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

VII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1 . НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Предметот **основи на општествените науки** има значајно место во воспитно - образовниот процес во основното деветгодишно образование за **учениците со мултихендикеп** кои треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови на одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставата по основи на општествените науки исто така дава придонес во изградувањето на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и се она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

Неделен фонд на часови: 2 часа
Годишен фонд на часови: 72 часа
Статус на предметот: задолжителен

## 2 . ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

***Ученикот /ученичката:***

- да се оспособува , да ги проширува усвојува основните знаењата за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- да ги развива способностите за сознавање на причинско-последичните врски на историските појави и да го развива критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни периоди;
- да се поттикнува да ги развива способностите за сознавање на општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските настани /случувања;
- да се поттикнува да ги развива способностите за разбирање на поврзаноста меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделните општества низ историскиот развој;
- да се поттикне да го запознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста;
- да се поттикнува да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина и да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- да се поттикне да ги развива способностите, да умее да ги препознава културните и верските разлики меѓу народите;
- да се поттикнува, да развива чувство на почит и лојалност кон Република Македонија;
- да се поттикнува, да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- да се оспособува, да ги осознава настаните и процесите во сопствената историја и историјата на балканските и европските народи;
- да се поттикнува, да развива чувство на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу Македонците, Албанците, Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;
- да се поттикнува, да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи;
- да се поттикнува, да развива свест за почитување на човековите права и слободи.

## 3 . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО ВИИ ОДДЕЛЕНИЕ

***Ученикот /ученичката:***

- да се поттикнува, да ги проширува знаењата за општествената и културната средина;
- да се поттикнува да развива способности за сознавање и доживување  на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина;
- да се поттикнува да ги осознава појавите кои се поврзани со проблемите во општествена и културната средина;
- да се поттикнува да ја разбира заемната поврзаност на општествените појави;
- да се поттикнува, да развива самостојност, самодоверба и одговорност;
- да се поттикнува да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за комуницирање и соработка со другите;
- да се поттикнува да се запознава со историските периоди;
- да се оспособува, да ги запознае  основните карактеристики на средниот век и феудализмот;
- да се поттикнува  да ги запознава причините за големата преселба на народите;
- да се запознава со основните карактеристики на христијанската религија и нејзината улога во животот на луѓето;
- да се запознава со основните карактеристики на арапската култура и појавата на исламот;
- да се поттикнува да ги открива заедничките карактеристики на државите од средниот век;
- да се поттикнува да се запознава со одделните историски појави и процеси од среднит век;
- да се поттикнува да се запознава со  историските личности од овој историски период;
- да се поттикнува да се запознава со развојот на економијата, науката и културата во Западна и Источна Европа, Византија,Османлиската држава, Балканот и Македонија;
- да се поттикнува да се запознава со основните црти и одлики на западноевропската, византиска, арапска, руската, османлиската, културата на народите на Балканот и средновековната македонска култура;
- да се поттикнува да се запознава со најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на средновековната  македонска држава;
- да ги запознава разликите и сличностите на балканските народи низ историјата на средниот век.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1. СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 6 часа) | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката** | | | |
| ▪ Да се поттикнува да се запознае со основните карактеристики на средниот век;<br>▪ Да се поттикнува да се запознае со поимот феудализам<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија /знаења хронологијата на средниот век,<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни знаења за феудализмот како општествено уредување | Општи карактеристики на средниот век | Феудализам | ▪ Раскажување приказни од минатото<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по илустрации<br>▪ Споредување на животот порано ( во феудализмот) и денес |
| ▪ Да се поттикнува да стекне основни знаења за големата преселба на народите | Големата преселба на народите | Хуни<br>Германи<br>Словени | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка<br>▪ Интернет снимки<br>▪ Следење на документарен филм |
| ▪ Да се поттикнува да се запознае со различните групи народи кои биле вклучени во процесите на големата преселба на народите<br>▪ Да се поттикнува да стекне знаења за државата на Франките | Државата на Франките | Христијанство<br>Црква<br>Библија | ▪ Работа на историска карта<br>▪ Работа со историски атлас<br>▪ Цртање на државата на Франките<br>▪ Разговор за верата,во што веруваат, што е Бог , Господ |
| ▪ Да се поттикнува да стекне | Појава на | Ислам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| знаења за христијанската религија<br>▪ Да се поттикнува да ги разбере поимите христијанство , црква, библија<br>▪ Да се поттикнува да ги запознае основните елементи на исламската религија и нејзиното ширење<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за Источното Римско царство (Византија) | Исламот<br><br>Источно Римско царство (Византија) | Џамија<br>Куран<br><br>Цариград<br>Династии | ▪ Посета на црква<br>▪ Разговор со свештено лице за верата и библијата<br>▪ Цртање на црква<br>▪ Разговор за појавата на друга религија - исламот<br>▪ Разговор со свештено лице за исламот и куранот<br>▪ Посета на џамија<br>▪ Работа со историска карта и атлас<br>▪ Текстови од историски читанки |

| 2. БАЛКАНОТ ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за Словените како народ<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за поимот преселба<br>▪ Да се поттикне да стекне основни сознанија за населувањето на Словените на Балканот | Населувањето на Словените на Балканот<br><br>Промените на Балканот по доселувањето на Словените | Преселба<br>Обичаи<br><br>Јужни Словени<br>Староседелци<br>Симбиоза на народите<br>Промена на топонимите | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка<br>▪ Разговор по илустрации, историска карта (на која ќе се покаже населувањето на народите-Словените на Балканот)<br>▪ Работа со историски атлас<br>▪ Раскажување на приказни за обичаите на Словените |
| ▪ Да се поттикне да се запознае со потеклото на Бугарите и формирањето и развојот на бугарската држава<br><br>▪ Да се поотикне да стекне сознанија за поимот држава | Создавање на бугарската држава<br><br>Создавање на Дукља и Рашка | Бугарите<br><br>Дукља<br>Рашка | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка<br>▪ Разговор по илустрации, историска карта (на која ќе се покаже од каде потекнуваат Бугарите и формирањето и развојот на бугарскта држава на Балканот)<br>▪ Работа со историски атлас<br>▪ Расказување на приказни за создавањето на бугарската држава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се  потикнува да се запознае со населувањето на српските племиња и формирањето на првата српска  држава | | | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка<br>▪ Разговор по илустрации, историска карта (на која ќе се покаже населувањето на српските племиња и формирањето на српската држава на Балканот)<br>▪ Работа со историски атлас<br>▪ Раскажување на приказни за создавањето на српската држава |
| ▪ Да се поттикнува да стекнува основни сознанија за албанскиот народ, за населението и на Албанија | Албанија во раниот среден век | Албанија<br>Драч | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка<br>▪ Разговор по илустрации, историска карта (на која ќе се покаже формирањето/границите на албанската држава во раниот среден век<br>▪ Работа со историски атлас<br>▪ Раскажување на приказни за државата и градот Драч |
| ▪ Да се поттикнува да се запознае со формирањето на државите: Бугарија, Србија, Албанија | | | ▪ Изработка на пано , со слики , илустрации за формирањето на државите Бугарија, Србија и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикнува да го запознае начинот на живеење на народите на Балканот во раниот среден век<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за територијата и населението, создавањето/формирањето на држави, култури и сл. | | | Албанија<br>▪ Интернет снимки<br>▪ Документарни филмови |

| 3. МАКЕДОНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▪ Да се поттикнува да го осознае периодот од македонската историја, за населувањето на Словените во Македонија ; Да се поттикнува да се запознае со значењето на населувањето на Словените на територијата на Македонија;<br>▪ Да се поттикнува да стекне знаења за населувањето на Словените во Македонија | Населувањето на Словените во Македонија | Солун<br>Склавинии | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Работа со илустрации и историска карта на Македонија во раниот среден век<br>▪ Вежби со историски атлас, илустрации и слики за територијата на Македонија во тој период;<br>▪ Цртање(боење) на територијата на Македонија во тој период; |
| ▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за значењето на словенската азбука, писменост;<br>▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите писменост, азбука, глаголица, кирилица;<br>▪ Да се поттикнува да дознае за личностите заслужни за создавањето на азбуката | Појава и развиток на словенската писменост | Кирил и Методиј<br>Глаголица | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали за појавата и развитокот на словенската писменост;<br>▪ Работа со илустрации и слики за Кирил и Методиј;<br>▪ Раскажување на приказни за Кирил и Методиј за нивната дејност и живот;<br>▪ Цртање (боење) на Кирил и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ( Кирил и Методиј, Св.Климент, Св.Наум) ;<br>▪ Да се поттикнува да се запознае со културно просветната дејност на Св. Климент и Св. Наум | Дејноста на Свети Климент и Свети Наум | Свети Климент<br>Свети Наум<br>Охридска книжевна школа<br>Кирилица | Методиј;<br>▪ Работа со илустрации и слики за Св.Климент и Св.наум и за Книжевната школа во Охрид<br>▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали за дејноста на Св.Климент и Св.Наум, за основавањето и работењето на Охридската книжевна школа;<br>▪ Работилница за препознавање на Кирил и Методиј и Св.Климент и Св.Наум;<br>▪ Компарација и препознавање на глаголицата и кирилицата; |
| ▪ Да се поттикнува да го осознае поимот Богомили;<br>▪ Да се поттикнува да се запознае со поимот богомолискотo движење и неговото значење; | Богомилско движење | Богомили | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали за Богомилите и нивното движење; |
| ▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за /формира знаења/ за создавањето на средновековната македонска држава;<br>▪ Да се поттикнува да стекне сознанија за значењето на | Создавање и ширење на македонската средновековна држава | Самоил<br>Преспа<br>Охрид | ▪ Работа со илустрации и карти, карта на Македонија во раниот среден век; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| создавањето на македонската средновековната држава;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за постоењето на Самоиловата држава;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за организацијата на Самоиловата држава;<br><br>▪ Да се поттикнува да го осознае поимот архиепископија;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија Охридската архиепископија;<br>▪ Да се поттикнува да го осознае поимот востание;<br>▪ Да стекне основни сознанија за причините за кревање на востанијата во Македонија; | Организација и пропаѓање на Самоиловата држава<br><br>Охридска архиепископија<br><br>Востанија во Македонија во ЏИ век | Василиј Беласица<br><br>Архиепископија<br><br>Петар Делјан Ѓорѓи Војтех | ▪ Работа со текстови од историски читанки и документиран материјал за Самоиловата држава;<br>▪ Разговор по илустрации<br><br>▪ Разговор : Што архиепископија? (објаснување на поимот)<br><br>▪ Разговор : Што е востание? Со илустрации, слики и историска читанка;<br>▪ Гледање на документарни филмови<br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации за Македонија во раниот среден век; |

| 4. СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК (Ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија знаења за начинот на живот во средновековните градови; | Настанување и развивање на средновековните градови | Занаети<br>Трговци<br>Гилди<br>Граѓански слоеви<br>Градска самоуправа | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали за настанокот и развивањето на средновековните градови; за граѓанското уредување (граѓански слоеви и градска самоуправа); |
| ▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите хуманизам и ренесанса;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за хуманизмот и ренесансата;<br>▪ Да се поттикнува да се запознае со значајните личности во хуманизмот и ренесансата; | Хуманизам и ренесанса | Хуманизам<br>Ренесанса<br>Леонардо да Винчи<br>Микеланџело<br>Франческо Петрарка | ▪ Работа со илустрации и слики за занаетите и трговците од доцниот среден век во светот и Европа;<br>▪ Демонстрирање слики,опишување и поврзување на слики од периодите - хуманизам и ренесанса и со значајните личности од тој период;<br>▪ Разговор со илустрирани |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикнува да се запознае со големите географски откритија ;<br>▪ Да се поттикнува да се сезапознае со значајните личности кои ги откриле поморските патишта; | Големите географски откритија | Нови технички пронајдоци<br>Поморски пат<br>Кристифор Колумбо<br>Магелан<br>Васко де Гама<br>Америго Веспучи | материјали и карта за патиштата - морските патишта ,за првите луѓе кои ги откриле и патувале по нив;<br>▪ Цртање/боење на брод - едреник<br>▪ Разговор со илустрации, слики за катедрала, мецена,склуптура;<br>▪ Разговор за Гутенберг со илустрации за печатарската машина; |
| ▪ Да се поттикнува да се запознае со развојот на науката, уметноста, градежништвото и другите културни достигања<br>▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите катедрала, мецена, склуптура; | Животот и културата во средниот век (до крајот на ЏВИИИ век) | Катедрала<br>Мецена<br>Скулпутура<br>Гутенберг | ▪ Гледање на инсерти од документарни филмови од тој период;<br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации за значајните личности од хуманизмот и ренесансата; |

| 5. БАЛКАНОТ ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК (Ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за општествено-економските и политичките прилики во Византија;<br>▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите: царство,династија; | Византија од ЏИИ-ЏВ век | Константинопол<br>Алексеј И Комнен<br>Латинско Царство<br>Никејско царство<br>Династија<br>Палеолози | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали ;<br>▪ Работа со слики, илустрации;<br>▪ Работа со историска карта и историски атлас;<br>▪ Разговор по илустрации, историска карта (на која ќе се види создавањето/ширењето на државите во доцниот среден век; |
| ▪ Да се поттикнува да го осознае процесот на ширење на српската држава, нејзината превласт на Балканот и претворање на српското кралство во царство, како и за ширењето на бугарската држава и нејзината улога во балканската историја | Подем на Бугарија и Србија | Стефан Немања<br>Стефан Првовенчани<br>Цар Душан<br>Душанов законик<br>Калојан<br>Иван Асен ИИ<br>Видинско царство<br>Трновско царство | ▪ Гледање на документарни филмови од тој период (доцен среден век) ;<br>▪ Интернет снимки; |
| ▪ Да се поттикнува да стекне основни | Албанското кнежевство и | Деспот Арта | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сознанија за процесот на создавање на албанските феудални владееља во ЏИИ и ЏИИИ век | дестотот Арта (ЏИИ и ЏИИИ век) | | |
| ▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за положбата на Албанците под власта на цар Душан;<br>▪ Да се поттикнува да го осознае поимот кнежество; | Албанските кнежевства во ЏИВ век | Топи<br>Балши<br>Кнежевство Арта | |
| ▪ Да се поттикнува да се запознае со настанувањето на османлиската држава;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за причините на слабеење на балканските земји; | Османлиската држава | Османлии<br>Тимарско-спахиски систем<br>Султан<br>Раја<br>Везир<br>Кадија<br>Јаничари | |
| ▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите:османлии, | Потпаѓање на балканските земји под османлиска | Баштина | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| султан, раја, везир, кадија, јаничари , баштина;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за особеностите на образованието, книжевноста, архитектурата, скулптура на Албанците до крајот на ЏИВ век<br>▪ Да се поттикнува да се запознае со културата на Византија нејзиното влијание врз културите на соседните балкански земји; | власт<br><br>Животот и културата на Албанците до ЏИВ век<br><br>Животот и културата на Балканските земји до крајот на ЏИВ век (Србија и Бугарија) | | |

| 6. МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни знаења за процесот на самостојно | Самостојни владетели во Македонија во ЏИИИ век | Добромир Хрс, Срез, Алексиј Слав | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали ; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| владееење на македонските феудални владетели<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за положбата на Македонците под туѓинска власт (византиска и српска власт)<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за Маричката битка и последиците за Македонија<br>▪ Да се поттикнува стекне основни сознанија за основните карактеристики на културата до ЏИВ век, литературата, уметноста, градежништвото, материјални остатоци<br><br>▪ Да се потикнува да | Самостојни феудални држави во ЏИВ век<br><br>Потпаѓање на Македонија под Османлиска власт<br><br>Животот и културата во Македонија до крајот на ЏВ век<br><br>Власите во | Прилепско македонско кралство<br>Серската држава<br>Државата на Јован и Константин Драгаш<br><br>Волкашин<br>Углеша<br>Крал Марко<br>Битката кај Черномен на реката Марица<br><br>Власи | ▪ Работа со слики, илустрации;<br>▪ Работа со историска карта и историски атлас;<br>▪ Разговор по илустрации, историска карта<br>▪ Гледање на документарни филмови;<br>▪ Интернет снимки;<br>▪ Разговор со учениците за животот и културата во тој период (ЏВ век) во Македонија со слики и илустрации;<br><br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации за животот и културата во ЏВ век во Македонија;<br>▪ Разговор со учениците за Власите( како народ) во Македонија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| стекне основни сознанија за потеклото и територијата на Власите во Македонија | Македонија во средниот век | | |

| **7. БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ ДО КРАЈОТ НА ЏВИИИ ВЕК (Ориентационо 14 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни знаења за процесот на колонизација и исламизација на балканските земји по паѓањето под османлиска власт и последиците<br>▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите колонизација и исламизација;<br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за видовите на отпор против османлиската власт;<br>▪ Да се поттикнува да ги осознае поимите востаниа и ајдуци;<br>▪ Да се поттикнува да ги стекне основни | Колонизација и исламизација во Балканските земји<br><br>Отпори против Османлиската власт на Балканските земји | Исламизација<br><br>Пасивен отпор<br>Буни<br>Востанија<br>Ајдуци<br><br>Ѓон Кастриоти | ▪ Текст метода: читање на текстови од историска читанка и други пишувани материјали ;<br>▪ Работа со слики, илустрации;<br>▪ Работа со историска карта и историски атлас<br>▪ Разговор по илустрации,историска карта<br>▪ Раскажување на приказни за ајдуците<br>▪ Гледање на документарни филмови;<br>▪ Интернет снимки; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сознанија за првите османлиски освојувачки походи во Албанија<br><br>▪ Да се поттикнува да ги стекне основни сознанија за животот и делото на Скендер-бег пред враќањето во Албанија<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за ослободувањето на средна Албанија;<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за значењето на Скендер-бег и отпорот кој го раководел<br><br>▪ Да се поттикнува да знае за дефинитивното потпаѓање на | Албанија во првата половина на ЏВ век<br><br>Востанието на Скендер-бег<br><br>Воените судири на Скендер-бег со Османлиската војска<br><br>Ликот и делото на Скендер-бег<br><br>Албанија под востанието на Скендер-бег<br><br>Албанците во ЏВИИ и ЏВИИИ век | Ѓерѓ Арианти<br><br>Скендер-бег<br>Круја<br>Соборот во Лежа<br>Албанска лига<br><br>Албанско востание за време на Австро-турската војна 1689-1690 | ▪ Разговор со учениците за живот и делото на Скендер -бег; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Албанија под османлиска власт<br><br>▪ Да се поттикнува да знае за економската положба на Албанците и политичко-административната поделба<br><br>▪ Да се поттикнува да знае стекне основни сознанија за причините и текот на Карпошевото востание;<br><br>▪ Да се поттикнува да знае стекне основни сознанија за положбата на македонското население по Карпошевото востание<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за односот на | Карпошевото востание<br><br>Македонија по Карпошевото востание (ЏВИИ и ЏВИИИ век)<br><br>Положбата на Охридската архиепископија во Османлиската држава | Карпош<br>Генерал Пиколомини<br><br>Миграции на населението<br>Менување на етничкиот состав<br><br>Укинување на Охридската архиепископија<br>Архиепископ Арсениј<br><br>Улогата на христијанската црква за ширење на просветата и културата<br>Исламска култура | ▪ Читање на избрани текстови од историска читанка за Карпош и карпошевото востание;<br><br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации за животот и културата во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| османлиската власт кон Охридската архиепископија<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за развојот на просветата, културата и уметноста во Македонија<br><br>▪ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за просветата, книжевноста и уметноста кај Албанците | <br><br><br>Животот и културата во Македонија од ЏВ и ЏВИИИ век<br><br><br><br><br><br><br><br>Животот и културата кај Албанците од ЏВ и ЏВИИИ век | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Положбата на христијанската црква кај Албанците<br><br>Ширење на исламот кај Албанците | ЏВИИ - ЏВИИИ век во Македонија; |

**Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма**

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби согласно, со видот и степенот на попреченоста, треба да да се практикува строго диференциран и индивидуализан пристап во рамките на воспитно - образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако академски постигнувања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- Да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- За учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост на дозволува наставниците да планираа исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвување на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе: одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

## 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП

Развојот на учениците со мултихендикеп ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите нивни врсници. Специфичностите се во темпо на развојот, кој е најчесто забавен. Времетраењето и специфичностите на секоја од развојните фази е специфична за секое дете.

Карактеристичните ,,одлики” на учениците со мултихендикеп имаат импликации во повеќе области. Учениците со мултихендикеп имаат ,,сиромашна” меморија површно, лабилно и краткотрајно внимание, ограничено логичко расудување, дефицитно сознание за себе и опкружувањето, ограничени способности за дискриминација и исклучително редуцирана способност за имагинација и апстракција.
Кај учениците со мултихендикеп примарните пречки се сериозни пречки во психичкиот развој, но исто може да имаат и редукција на слухот и/или видот и симптоми на аутизам. Повеќето од нив се потполно зависни од околината односно потребен им е постојан надзор.
Заради успешно одговарање на сите овие специфични индивидуални потреби на учениците со мултихендикеп како и заради специфичниот стил на учење, наставникот треба да планира различни типови наставни часови ( часови за обработка на наставните содржини, часови за увежбување, за повторување и часови за проверување на нивото на усвоеност на наставните содржини).
Пред да се премине на обработка на нова наставна содржина треба да се искористи предзнаењето на ученикот односно да се тргне од веќе познатото, како вовед во новите содржини. Бидејќи учениците имаат скромни искуства и предзнаења, наставникот пред да започне со обработка на новите наставни содржини треба да планира и да реализира набљудувања и/или посети со цел за стекнување и проширувањена нивните конкретни искуства и предзнаења. За да им овозможи на учениците постапно усвојување на содржините новото градиво треба да се усвојува етапно. При објаснувањето на новите поими треба да се планира доволно време и да користи повеќе соодветни средства и помагала за успешно приближувањена новиот поим на ученикот. Наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателно избрани слики, цртежи, илустрации, филмови и сл. При усвојување на нов поим (доколку се усвојува со сите ученици) наставникот го запишува на училишната табла и/или на индивидуална плоча, картон или соодветно парче хартија ( доколку новиот поим се однесува на конкретен ученик). Доколку е потребно наставникот користи синоними познати на ученикот. Дополнителните објаснување треба да бидат концизни и прецизни. Наставникот не треба да воведува нови поими се додека претходните не се потполно усвоени. Доколку наставникот дозволи да се натрупуваа нови поими, вниманието на ученикот флуктуира и постепено губи интерес активно да партиципира на часот.
Кај репродуктивното повторување на наставните содржини треба да се внесуваат одредени смислени промени. Тоа е интересно за учениците бидејќи со промените се избегнува монотонијата, а е поефикасно за ученикот затоа што придонесува за потполно остварување на функционалните цели на наставата. Токму тие промени создаваат дополнителни напори и проблеми за овие ученици. Тоа е етапа на усвојување на знаењата кога се оперира со факти, кога се работи на генерализации, за апстракции и разбирање на поставените задачи. Тоа од учениците бара нивно активно творечко решавање, прикажување на постигнатите резултати, а за сето тоа е потребен

развиен говор и добри аудитивни способности (компетенции кои овие ученици или не ги поседуваат или се на незадоволително ниво).
Развојот на говорот и слушањето е перманентен процес кој трае во сите етапи од основното образование. За да можат учениците да ги развиваат творечките способности, треба да ги разбираат наставните содржини. Заради тешкотиите во разбирањето на многу изрази, факти, апстракции и генерализации треба да се организираат говорни и слушни вежби. Во случаите со слаби говорни способности тешко може да се постигне учениците самостојно да произнесуваат  преструктуирани содржини. Заради тоа овие ученици во фронталниот начин на работа можат да ги изразат сопствените вистински и потенцијални интелектуални творечки способности , како што се: досетливоста, проникливоста, оригиналноста и неконвенционалноста.
При  усното проверување на нивото на постигнувањата наставникот треба да поставува прилагодени , соодветни, јасни, разбирливи прашања-задачи по потреба да се користи со дополнителни прашања особено кога сака да ги провери способности на мислењето на ученикот и евентуално формализмот во неговото знаења. Во таквиот начин на проверување субјективниот фактор - наставникот може да има голема улога и постигнувањата на адекватниот однос кон ученикот и во создавањето пријатна клима (со стрпливост и разбирање) како и вреднување на нивото на постигнување на ученикот.
Писменото проверување овозможува проверка на познавањето на содржината, способноста за мислење и писмено изразување. За да биде сигурен дека ученикот правилно го разбира усмениот налог истиот го запишува на училишната табла, наставото ливче и сл.
Заради збогатувањето на речникот секојдневно треба да се води слободен разговор иницииран од конкретни случувања или импровизирани ситуации.
При реализирање на воспитно-образовниот процес со учениците со мултихендикеп треба да се оперира со богато илустриран материјал. Добро избрана слика, цртеж, илустрација кои  може да  им обезбедат онаа што сакаме интелектуално сфаќање, логички обработен материјал и сето тоа да го  изрази со говор.
Развојот и учењето на учениците со мултихендикеп и со оштетен вид се одвива според истите законитости на развојот како и кај учениците што гледаат, но, постојат  разлики и варијанти кои се однесуваат главно на брзината и темпото на нивниот развој. Темпото на стекнување на одредени вештини и знаења кај нив е побавен, а варирањето во брзината на развојот е поголема отколку кај уениците кои имаат вид. Воопшто, кај слепите лица (кои имаат и пречки во психичкиот развој) е потребно постојано зборување, усно обраќање, објаснување, разговор, проверка на разбраното по пат на прашања.
Учениците со мултихендикеп со симптоми на аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција. Тие исто така може да

имаат проблеми со започнувањето и/или спонтано одвивање на конверзацијата. Многу често учениците со аутизам , обраќањето на наставникот не го разбираат како тој да им се обраќа на нив туку на другите што се во просторијата/околината. Да реагираат и/или да одговараат на одредени информации
Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации  налози на многу невооообичаени, несоодветни, специфични и уникатни начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно што може да резултира со сериозни повредувања. Карактеристика за нив е што тие многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето и опкружувањето. Многу често пружаат отпор на воведување на евентуални промени од било каква природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфичноста на нивното однесување исто така, претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на одредени движења (ехопраксија). Изразената хипо и хиперактивност е, исто така карактеристична за нив.

## 6. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- **Насоки за меѓупредметно поврзување (корелација со други наставни премети)**

  Наставниот предмет **основи на општествените науки** содржи меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности односно корелација. Со оглед на фактот што наставната програма е структуирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на општествените науки, се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините на овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите општествени науки и нивната примена во секојдневниот живот.

- **Препораки за користење на годишниот фонд на часови**
  Препораките за користење на годишниот фонд на часови се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми и содржини што секако не треба  да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата.

Поинакво користење на часови треба да го проценува предметниот наставник според достигнувањата на неговите ученици т.е. според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигнуваат. Наставниот предмет **основи на општествените науки во ВИИ одделение** се изучува со 2 часа неделно односно 72 часа годишно.

- **Наставни средства**
  - Извори на учење од непосредната околина-примери на појави, настани предмети и сл.во семејството, населбата, блиската околина, општината и општеството во целина , како и односите меѓу луѓето.
  - Енциклопедии за деца, речници, атласи, карти и сл.
  - Интернет, образовни софтвери-Греен пакет јуниор.
  - Светски признати списанија од областа на општествените науки.
  - Аудиовизуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, ЛЦД и др.)

Важно е наставниот процес да биде заснован на
-секојдневни реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учениците;
-холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
-насочување кон планирањето и преземањето на активностите во непосредната околина;
-поттикнување на споредбен пристап во обработка и презентирање на информации за појавите и други сознанија.

За постигањето на целите треба да се користат соодветни наставни форми од индивидуална работа, работа во парови и групна работа. Во разработката на наставната содржина соодветно треба да се користат следните методи и активности: проектна настава, проблемска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат исто така и екскурзии и посети кога е можно тоа. Наставникот е самостоен  при изборот на начините и пристапите во реализација на наставната програма.

## 7.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Следењена постигањата на учениците**

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигнувањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработка со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето.
Во програмата се наведуваат начини на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат активностите поврзани со водење на потфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активности и сл.Други средства и постапки за следење и оценување : говорни вежби, разговор - дијалог наставник-ученик, работни листови, тестови на знаења.
Следењето на постигнувањата на уениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето

- Оценувањето треба да се базира врз користењето на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат во предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Проверувајќи го напредокот во постигнувањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
- Оценувањето треба да биде праведно, да се спроведува непристрасно, како при вреднување на постигнувањата така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
- Оценувањето треба да се врши транспарентно што подразбира дека учениците треба да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигнувања и како тие постигнувања се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зошто и што треба да научат и како и кога се оценува.
- Учениците и родителите треба континуирано да имаат увид во оценувањето.

**Начини на проверување и оценување**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од учениците;
- Писмени извештаии, евиденции на податоци од истражувањата;
- Практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.
- Проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, запишување и прикажување на податоци, презентирање);
- Работа во група;

**Други средства и постапки за следење и оценување:**

- Разговор-дијалог / наставник-ученик;
- Контролни листови, тестови на знаења;
- Домашни работи;
- Чек листи

Постигнувања на учениците во текот на годината се оценуваат со бројчана оценка.

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по наставниот предмет основи на општествени науки се реализира во просторни услови и услови на опременост според општиот норматив за опременоста за реализирање на настабните програми за деветгодишно основно образование.

## 9.НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставната програма по основи по општествени науки во седмо одделение може да ја изведува лице кое завршило:

-Завршени студии по историја наставна насока со дополнителна дефектолшка дообразба;
-Завршени студии по историја ненаставна насока со педагошко-психолошка и методска дообразба и дополнителна дефектолошка дообразба и
-Дипломиран дефектолог

## 10. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2014 година.

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по основи на општествените науки за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14404/1 од 10.09.2014 година
Скопје

Министер

______________________________
Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ирена Борисовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор